# Бог Те Сака

"Зашто Бог толку го засака
светот, што Го даде
Својот Единороден Син,
за секој што верува во
Него да не загине, туку
да има вечен живот."
(Јован 3:16)



Те молам да не бидеш гневен на нас, поради тоа што ти го даваме овој трактат. Ние ја сакаме твојата душа, и сакаме да ти кажеме дека, ако никогаш не си бил роден повторно, ти си на твоето патување на место каде што ќе гориш засекогаш и секогаш.

Бог му заповеда на Адам да не јаде од дрвото на познавањето, бидејќи во тој ден ќе умре. “И Господ Бог му заповеда на човекот, велејќи: Јаде слободно од секое дрво во градината, Но да не јадеш од дрвото за познавање на доброто и злото! Во денот кога јадеш од него, навистина ќе умреш!” (Битие 2:16-17)

Адам јадеше од дрвото на познавањето и во тој ден тој умре духовно. “Како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот смртта, така смртта премина на сите луѓе, бидејќи сите згрешија.” (Римјаните 5:12) Ти си во оваа иста изгубена состојба, доколку никогаш не си се родил повторно. Продолжувањето во оваа изгубена состојба, додека смртта те земе од овој свет, те осуди во огненото езеро. "И кој не беше запишан во книгата на животот, беше фрлен во огненото езеро." (Откровение 20:15)

Исус те љуби. Тој те засака уште пред да бидеш роден во овој свет. “Но, Бог ја докажа љубовта Своја кон нас со тоа, што Христос умре за нас, уште додека бевме грешни.” (Римјаните 5:8) Божјата љубов за тебе е поголема од сето разбирање. Тој подготви пат за спасение, за да те зачува од ова огнено езеро. "Зашто Бог толку го засака светот, што Го даде Својот Единороден Син, за секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот." (Јован 3:16)

Исус умре на крстот и ја пролеа Својата крв за ти да бидеш спасен. "Но Тој откако принесе само една жртва за гревовите, еднаш за засекогаш, седна оддесно на Бог." (Евреите 10:12) Исус отплати сé. Спасението чека на секој еден кој ќе го прифати Исус за свој Спасител. "А на сите што Го примија, им ја даде моќта да станат Божји деца на оние кои веруваат во Неговото име." (Јован 1:12)

Слушај го Божјиот збор. "оти, ако со устата Го исповедаш Господа Исуса и со срцето свое поверуваш дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш." (Римјаните 10:9) "Зашто: Секој, кој ќе го

повика Господовото име, ќе биде спасен." (Римјанитр 10:13)

Токму сега, дали ќе ја наведнеш главата да го повикаш Исус да ја спаси твојата душа? Одлуката е твоја. "А Агрипа му рече на Павле, Уште малку па ќе ме убедиш да станам христијанин." (Дела 26:28) Речиси, не е доволно добро. Речиси ќе те испрати во Пеколот. Повикај Го Исус денеска да ја спаси твојата душа.

Иф ѕоу хаве децидед то труст Јесус Цхрист ас ѕоур Савиоур афтер реадинг тхис трацт, плеасе њрите анд лет ус кноњ.

Наме ______________________________
Аддресс____________________________
Цитѕ__________________Зип_________
Стате_____________________ Аге______

**FELLOWSHIP TRACT LEAGUE**
P.O. BOX 164 • LEBANON, OH 45036
www.fellowshiptractleague.org © Tract 2941 (Macedonian)
Сите трактати се бесплатни бидејќи Господ не снабдува
Не се за продажба.